ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е барање за мислење, со кое од Државната комисија се бара мислење во однос на тоа, дали настанува судир на интереси во ситуација кога лицето ја извршува функцијата директор на Агенција, но на повик на Факултет за подготовка на годишник за 2025 година изготвило научен труд на англиски јазик, по што е известено дека трудот се прифаќа за да биде вклучен во годишникот и за кој не добива надомест.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.
Со член 44 став (6) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е предвидено:
„Службено лице **може да остварува приходи од научни, наставни, културни, уметнички и спортски активности и приходи од авторски, патентни и слични права, интелектуална и индустриска сопственост**, освен ако со закон не е поинаку определено“.

Државната комисија е на став дека како службено лице кое ја извршува функцијата директор на Агенција, може да остварува дополнителен приход согласно горе цитираните одредби, **освен со закон ако не е поинаку определено.**

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk